# КОМУНАЛНО ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ "ВОДОВОД " - КОЧАНИ

# ИЗВЕШТАЈ

**За финансиското работење во период од 01.01 до 31.12.2022 год.**

**Декември 2022 год.**
**Кочани**

КЈП " Водовод " Кочани како единствено Комунално Јавно Претпријатие во Општина Кочани ги обавува целокупните комунални дејности на подрачјето на општината.За обавување на целокупната дејност претпријатието е организирано во седум сектори кои функционално се надополнуваат во своите дејности и овозможуваат континуирано и квалитетно извршување на комуналните дејности.

**Организационите работни единици се :**

1. ***Сектор "Водовод и Канализација "***
2. ***Сектор"Комунална Хигиена "***
3. ***Сектор"Геотерма "***
4. ***Сектор "Градско Зеленило и гробишта "***
5. ***Сектор "Финансиско и комерцијално работење"***
6. ***Сектор "Општи и правни работи"***
7. ***Сектор " ИТ и развој ".***

За обавување на комуналните дејности во наведените сектори се ангажирани просечно 233 работника во постојан работен однос, додека просечниот број на времено ангажирани работници е 45 .

**I.Преглед на вработени по степен на образование и Сектор со 31.12.2022 год.**

**Табела 1**

| Ниво на образование | Менаџмент | ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ | СЕКТОР ВОДОВОД И КАНАЛИЗАЦИЈА | СЕКТОР ГЕОТЕРМА | СЕКТОР ЗА ИТ И РАЗВОЈ | СЕКТОР ЗА ОПШТИ И ПРАВНИ РАБОТИ | СЕКТОР ЗА ФИНАНСИСКО И КОМЕРЦИЈАЛНО РАБОТЕЊЕ | СЕКТОР КОМУНАЛНА ХИГИЕНА | СЕКТОР ГРАДСКО ЗЕЛЕНИЛО И ГРОБИШТА | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Ниво I - завршено основно образование | 0 | 0 | 15 | 0 | 0 | 5 | 1 | 33 | 10 | 64 |
| Ниво II - завршено двегодишно средно стручно образование | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | 3 | 4 |
| Ниво III - завршено тригодишно средно стручно образование или четиригодишно образование за лица со посебни потреби | 0 | 0 | 11 | 2 | 0 | 3 | 2 | 9 | 3 | 30 |
| Ниво IV - завршено четиригодишно образование (гимназиско, техничко, уметничко или друго) или петгодишно образование | 0 | 1 | 36 | 8 | 0 | 9 | 21 | 7 | 8 | 90 |
| Ниво VA - завршени кратки стручни студиски програми во високо образование (стекнати 60 или 120 кредити ЕКТС) | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 2 | 1 | 1 | 5 |
| Ниво VIБ - завршени тригодишни додипломски студии (стекнати 180 кредити ЕКТС) | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 1 | 1 | 0 | 0 | 3 |
| Ниво VIA - завршени четиригодишни додипломски студии (стекнати 240 кредити ЕКТС) | 3 | 1 | 5 | 2 | 5 | 3 | 6 | 1 | 2 | 28 |
| Незавршено основно образование | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Вкупно | **3** | **2** | **69** | **12** | **5** | **21** | **33** | **52** | **27** | **224** |

Просечен бруто личен доход по работник во 2022 год.за период од 01.01 до 31.12 изнесува 33.304,00 ден. споредeн со 2021 год. кој изнесува 30.494,00 ден., додека Нето-личен доход по работник во 2022 год. за извештајниот период изнесува 22,337,00 ден. споредeн со 2021 год. кој изнесува 20.552,00 ден.ден.

## II. Остварени финансиски резултати во деловната 2020 и 2021 година

Во своето работење во 2020 год. КЈП " Водовод " има постигнато позитивен финансиски резултат односно добивка од **222.634,00** денари а во 2021 година има постигнато загуба од **11.584.368,00**денари**.**

**Табела 2**

| Ред. Број | Биланс на Успех | 2020 | 2021 |
|---|---|---|---|
| 1 | А.ПРИХОДИ | 259.019.191,00 | 258.954.438,00 |
| 2 | Б.РАСХОДИ | 258.711.890,00 | 271.168.468,00 |
| 3 | В.Бруто добивка/загуба | 307.301,00 | -12.214.030,00 |
| | -данок од добивка | 84.667,00 | 0,00 |
| | -непризнаени расходи за даночни цели | 0,00 | 629.662,00 |
| | -нето добивка/загуба | 222.634,00 | -11.584.368,00 |

# Планирани активности и реализација на деловни резултати во 2022

Деловната 2022 година е година во која активностите беа насочени кон реализацијата на годишните програми донесени од Советот на Општина Кочани , оперативните програми за работа на КЈП “Водовод” и од законските решенија кои го детерминираат работењето во комуналните дејности.

Во **Секторот ,, Водовод и канализација,,** во деловната 2022 година извршена е санација и изведени нови и реконструирани водоводни линии на повеќе улици во Општината.

Оделението за одржување на водоводната мрежа вршеше континуирано и навремено санирање на настанатите дефекти на водводните линии.

На повеќе локации во градот се изврши санација со бетонирање и бекатон по поправката на водоводни и канализациони дефекти.

Поради дотраеност се изврши промена на последниот дел на доводниот цевковод кон Пумпната станица на водоводната линија до населба Оризари во должина од 770 метри (ф110, 10 бари).

Извршена е промена на црево Ф 63 (10 бари) во должина од 102 метри и Ф 1“ со Л=30 м на ул. ,, Блаже Поп Арсов“ .

Извршена е промена на црево Ф 90 (10 бари) во должина од 295 метри, Ф 1“ со Л=20 м и Ф 5/4“ со Л=20 м на ул. ,, Јордан Зафиров“.

Извршена е промена на црево Ф 60 (10 бари) во должина од 60 метри, Ф 1“ на ул. ,, 4-та Македонска Бригада“.

Извршена е промена на црево Ф 63 (10 бари) во должина од 200 метри, Ф 1“ со Л=50 м и Ф 5/4“ со Л=40 м на ул. ,, Шукри Шаин“.

Со специјалните возила Канал џет и џет трејлер се продолжи со континуирано чистење на преливниците во градот и критичните канализациони линии. Исто така континурано се врши и чистење на колекторскиот систем.

Во бунарскиот систем во ПС Грдовци извршено е градежно санирање на објектот на пумпната станица (внатрешно и надворешно).

Во 2022 година во месец мај на бунар Б22 извршена е набавка на резервен потопен пумпен агрегат за бунарите во ПС Грдовци. Пумпа тип: E8P 135-6/2F-W 11KW CAPRARI Мотор тип: Caprari MAC615/3A-8 P=11kw Q= 27 l /s, I=25A.

Во 2022 година во месец октомври извршена е набавка на резервен потопен пумпен агрегат за бунарите во ПС Грдовци. Пумпа тип:: Caprari E8P135-6/2F-W
Мотор тип: Caprari MAC615/3A-8 P=11kw

Извршена е набавка на два резервни агрегати Caprari CVX051/16+E0220T212-V 2,2kw за пумпните станици во с.Оризари п.с.Устран Дол и за на улица Цар Самоил.

Во пролетта (од Март до месец Мај) 2022 година се изврши промена на дел од главниот челичен потисниот цевовод ф 500 со нов дуктилен цевовод во должина од 2250 м. На новиот цевовод е монтиран инсертен мерач на проток, главен вентил ф 500 и воздушен вентил.

Во 2022 годината се изврши промена на лагер на транспортна пумпа (ТП2) во ПС. Грдовци, а исто така, во месец мај се изврши замена на изгорениот мотор на пумпен агрегат со нов во истиот бунар Б20. Поправен е мерачот на проток и ставен во функција.
На транспортната пумпа ТП3 винклуван е моторот (132Кw) и сега е во употреба. Извршено е перење на бунарите Б17, Б20 и Б23, вратени се во првобитна положба и истите се во функција.

Во ПСОВ Мојанци се продолжи со процесот на производство и искористување на био гас во топлинска и електрична енергија, а се продолжи со процесот на пробно производство на компост.

Се продолжи со континуирано следење на минималните ноќни протоци и намалување на загубите за вода на различни локации во градот.

Фабриката за вода продолжи со тековна работа за континуирано следење на СКАДА системот и на исправноста на водата за пиење.

Во **Секторот ,,Комунална хигиена’’**во 2022 год. реализирано е следното:

Редовно се собира, транспортира и депонира отпадот од градот и селата во општина Кочани, спрема утврдениот распоред и динамика. За време на празници се организират дежурства со цел да нема застој во работата.

Градската депонија се расчистува со булдожер и се третира со алги како превентива од запалување.

Оваа година започнавме со собирање на отпад од с. Бели, за чија цел се поставени 10 контејнери од по 1,1 $м^3$ на пристапни, фреквентни и погодни локации.

Во централното градско подрачје собирањето на отпад се врши претежно од контејнери и подземни контејнери и се одвива непречено.

На сите локации каде имаше оштетени контејнери заменети се со нови.

Метењето се врши по програмата за јавна чистота усвоена од Советот на Општина Кочани.Редовно се вршеше метење на јавни површини, улици и паркинзи дефинирани со програмата за јавна чистота.

Формирани беа дежурни екипи за расчистување на улици и јавни површини од снег, но поради благата зима немаше интервенции.

Дел од оштетените решетки на улиците за одвод на вода на улиците во градот се заменети со нови решетки кои беа изработени во браварската работилница, а дел од нив се поправени.

Постојано се вршат поправки на урбаната опрема во Општина Кочани.

Редовно беше вршено миење на улиците со цистерна со вода.

Се вршеше постојано расчистување на диви депонии во градот и околината.

Во Секторот**,,Градско зеленило и Православни гробишта,,** **,**во периодот од 01.01.2022 – 31.12.2022 ги извршуваше следниве позаначајни активности:

За одржување на парковите, зеленилото (тревниците, дрвореди, скверови), шеталиштата, зеленилото во Кочанска река, низ градот и комплетното уредувањето и одржувањето на православние гробишта е доверено на овој сектор при КЈП " Водовод" од нашиот град.

Извршувањето на работите е утврден по Програмата за одржување и користење на паркови и користење на паркови и зеленило, набавка, поставување и одржување на урбана опрема, одржување на детски игралишта и одржување на Фонтана ,,ЗРНО,,за 2022 год.

Овој сектор во периодот од 01.01.2022 год. до 31.12.2022 год. со своите работници комплетно се грижеше и го реализира се она што го бараше комуналниот ред во смисла на целта за која е организирана.

Комплетното одржување на зеленилото-тревници со косење, полевање вода, чистење, потоа дрворедите со редовното окопување, кастрење, наводнување со комплетната нивна форма низ градот, сите жардиниери во реката, по кејските ѕидови, во паркот и низ Трговскиот центар, сите живи огради со редовно окопување, поткастрување и наводнување, сите булеварски и кејски цветни алеи, гордоста на градот реката, со зелените површини и цветни острови, алпиниумите се целосна и редовна работа на групата задолжена со градското зеленило.

Секторот ,,Градско зеленило и православни гробишта,, со своите вработени покажа одговорност, грижа и организираност, односно успех во работењето и големо разбирање и помош за сите работи од страна на управните органи на КЈП ,, Водовод,, Кочани.

Како позначајни активности може да се издвојат: За чествување на православниот празник,,Водици,,во месец Јануари изврши заерезување на Кочанска река и по завршувањето ја врати реката во правобитна состојба. Во текот на Пролетта извршивме засадување на над 80 бр. на листопадни дрвја на различни локации во градот.

- Во градското подрачје на неколку места се дополнија повеќе дрвореди како и создавање на нов дрворед на ул,,Стево Теодосиевски,, беа посадени 11 високо квалитетни брези како и на ново формираните патеки беа посадени дрвја од јасен на потегот ,,Два Другара,, до кружниот тек ,,Лук Оил,,

Во текот на Февруари и Март активно работеше на пополнување со земја на подигнатите жардињерии на бул.,,Тодосија Паунов" на потегот од кај ,,Шумското,, до железарата кај,,Кузе2000,, и пред железарата,,Иднина-С,, и нивно оплеменување со декоративни садници. Поставивме систем за наводнување на истите и ситно дробен камен. Комлетно е уреден кружниот тек кај ,,Атомските згради,, со полнење на земја ,поставување на систем за наводнување,сеење на трева и садење на декоративни садници и поставување на декоративен камен. Во екот на Пролетта извршивме засадување на над 70 бр. на листопадни дрвја на различни локации во градот. Во летниот период навремено се косат детските паркови, ,,Градската Река,,ново формираните кружни текови и останатите зелени површини во Општина Кочани. Во тек е доуредување на градскиот парк.

- На ул,,Гоце Делцев,, пред ЕВН беа посадени садници од видот брези со цел да се дополни самиот дрворед.
- Се изврши компетно хортикултурно уредување на кружните текови во градот и беше поставено систем за наводнување.
- Беше формиран нов дрверед на ул. ,,Скопска ,, од дрвниот вид јасен
- Во ГТЦ во Кочани се посадија околу 50 бр. на садници.На локацијата беше поставено систем за наводнување и посеано трева. Во текот на летото извршивме дополнување со уште 20 садници.
- Во текот на годината навремено беа косени сите зелени површини предвидени со програмата на Општината и некои површини надвор од програмата од Општината. Со своите вработени беше работено и на локациите Спортски рекретивен центар,,Бавчалук,,,,Гоцева Шума,,,,Спoнeник на Слободата,, и др.
- Одд. ,,Градско зеленило" активно учествуваше во акциите спроведени од Општина Кочани како пошумување на ,,Штипски пат", опожарениот дел над с.Бели и др.

-Секторот -,,Градско зеленило и православни гробишта,,, имаше поголеми активности во делот на кастрење на старите дрва во централното градско подрачје , засадување нови стебла и засадување на зелена површина покрај реката и градскиот парк. Секаде каде постоеше можност беше посадено цвеќе кое допринесе градот да биде поубав. Активно учествуваше во средување на просторот околу локацијата на која се изврши зажнејување по повод ,,Кочански денови на оризот,,. По повод ,,Патеки по оризовите полиња,, делницата Кочани-с.Грдовци-с.Мојанци-с.Г.Подлог-с.Д.Подлог-Кочани беше комплетно исчистена од вегетација и смет од вработените од сектор Градско зеленило.

- Исто така извршивме косење и собирање на смет од ул,,Страшо Ербапче,, до потегот на Градска депонија по повод ридско-брзинските трки на Пониква.

- Поради обилните дождови во летниот период беа постојано на терен за расчистување на паднати гранки и расчистување на земјениот нанос по улиците.

-По повод верските празници овој сектор изврши косење околу сите верски објекти со што им излеговме во пресрет. За Верските празници православните гробишта навремено беа косени и чистени од вегетацијата. За сето оваа да се постигне Јавното препријатие набави и неколку нови тримери косачки и жаги за сечење на дрва. Се уредуваа зелените површини на сите три главни влезови на градот, средување на зелената вегетација на локалните патишта кон селата како и патот кон излетничкото место ,, Брана Градче".

Во одделението,,Православни гробишта,, се заврши со бетонирање на пристапни стази и патеки со што до сега се бетонирани околу 250 метри должински со ширина 2.2м.

- Се вршеше соодветно косење на вегетацијата во градските гробишта
- Бетонирање на стази во градските гробишта.
- Поправка на чешми во градските гробишта.
- Косење и собирање смет околу гробните места
- Поправка на санитарен чвор (промена на цевки за канализација и местење на нова мрежа за за одводни води)
- Кроење и кастрење на дрвца во градските гробишта.
- Се изврши поставување на електрични столбови со кои се прошири електричната инасталација во новиот дел на ,, Градските гробишта,,.

**Сектор ,,Геотерма,,** за периодот од **01.01.2021 до 31.12.2022** година функционираше, работеше и одговараше на сите предизвици во барањето и испораката на геотермална вода на сите потрошувачи.

Споредбено со истиот период од минатата 2021 година имаме значителено намалување на фактурирана количина на геотермална вода од 14,89 % помалку или истото изразено во бројки, 2021 година 466.797 $m^3$, а во 2022 година 397.291 $m^3$ фактурирана количина на геотермална вода, односно 69.506 $m^3$ помалку.

Реинектираната количина на геотермална вода се движи околу 33.60 % од вкупната експлоатирана, или во бројки 133.507 $m^3$.

Во рамките, како на законските така и на тековните технички обврски, истите се извршуваа во рокови, без никакви проблеми, квалитетно и на време.

Исто така според законските обрски се направи елаборат за тестирање на експлоатационите бунари.

По завршувањето на сезоната заклучно со 15.05.2022 година, беа направени неколку многу битни зафати во системот, како:

Санирање на дефекти – протекување на градскиот цевковод на потегот кај Градскиот базент и во близина на фирмата "Гирлофс".

Се изврши собирање на искористената геотермална вода од училиштата на локација зад Основниот суд и истата е спроведена во каналот на Водостопанство "Брегалница" – паралелен со Грдовски пат. Оваа вода не е опфатена во системот за реинектирање, а предходно се прибираше

во канализационата мрежа и предизвикуваше проблеми во работењето на Прочистителната станица во село Мојанци.

Вградени се водомери во училиштата во градот за мерење на испорачаната, односно геотермалната вода која им се фактурира.

Пумпата од бунарот Д-1 која е во дефектна состојба и под гаранција, моментално е на репарација во фирмата на производителот “Pleuger industries” во Германија и истата се очекува до крајот на годината да ја имаме на располагање.

Беа направени сите неопходни технички подготовки на системот со цел успешно стартување на новата грејна сезона – 2022/2023.

Навремено потпишување на договори со потрошувачите за новата грејна сезона 2022/2023 година.

Дистрибуцијата и експлоатацијата на геотермалната вода за греење започна на време и квалитетно.

Перманентно и студиозно се следи статичкото ниво на геотермалното лежиште (аквиферот). Истото се наога во критична состојба и преставува опасност по работењето на целиот систем, посебно на опремата која ја имаме инсталирано и ја користиме.

Забележани се и се следат одредени дефекти и аномалии на системот, кои се приоритет со завршување на грејната сезона, а кои остануваат за решавање.

## III.Остварени приходи и расходи за период од 01.01 до 31.12.2022 год.споредени со истиот период 2021 год.по сектори

**ПРИХОДИ**

табела 3

| Ред. број | Работна единица | Година | | Коефициент 2022/2021 |
|---|---|---|---|---|
| | | 2021 | 2022 | |
| 1. | Сектор "Водовод и Канализација " | 170.899.500,43 | 165.922.499,86 | 0.97 |
| 2. | Сектор "Геотерма " | 21.338.722,00 | 21.081.055,50 | 0.99 |
| 3. | Сектор “Комунална Хигиена “ | 47.952.746,92 | 49.525.207,14 | 1.03 |
| 4. | Сектор " Градско зеленило и гробишта " | 9.907.878,35 | 8.749.984,53 | 0.88 |
| 5. | РЕ"Заеднички служби"<br>- Сектор "Менаџмент"<br>-Сектор "Финансиско и комерцијално работење"<br>- Сектор "Општи и правни работи" | 3.180,00<br>5.056.546,12<br>3.113.060,06 | 218.628,00<br>6.783.480,91<br>2.725.043,00 | 1.19 |
| 6. | Сектор "ИТ и развој " | 682.804,00 | 379.856,00 | 0.56 |
| | Вкупно | 258.954.437,88 | 255.385.754,94 | 0.99 |

**РАСХОДИ**

Табела 4

| Ред. број | Работна единица | Година 2021 | Година 2022 | Коефициент 2022/2021 |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Сектор "Водовод и Канализација " | 156.595.759,89 | 198.276.563,68 | 1.27 |
| 2. | Сектор "Геотерма " | 22.123.403,16 | 23.467.317,19 | 1.06 |
| 3. | Сектор “Комунална Хигиена “ | 39.541.431,72 | 44.425.225,32 | 1.12 |
| 4. | Сектор " Градско зеленило и гробишта " | 13.409.810,21 | 14.045.069,82 | 1.05 |
| 5. | РЕ"Заеднички служби"<br>- Сектор "Менаџмент"<br>-Сектор "Финансиско и комерцијално работење"<br>- Сектор "Општи и правни работи" | 2.521.323,00<br>21.459.107,64<br>13.201.332,41 | 3.257.674,89<br>23.215.280,90<br>15.391.359,35 | 1.13 |
| 6. | Сектор "ИТ и развој " | 2.316.300,52 | 2.652.180,21 | 1.15 |
| | Вкупно | 271.168.468,55 | 324.730.671,36 | 1.20 |
| | Остварен резултат добивка /загуба | -12.214.030,67 | -69.344.916,42 | 5.68 |

Остварените деловни резултати кои се искажани за периодот од 01.01 до 31.12.2022 год. односно загуба во износ од **-69.344.916,42** ден. споредени со истиот период 2021 год. бележат зголемување. Анализата на остварените приходи во извештајниот период укажува дека приходите споредени со истиот период од 2021 год. бележат намалување за 1 % , а расходите споредени со истиот период од 2021 год. бележат зголемување за 20 % .

**Остварени финансиски резултати од работењето по сектори - добивка / загуба**

Табела 5

| Ред. број | Работна единица | Година 2021 | Година 2022 | Коефициент 2022/2021 |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Сектор "Водовод и Канализација " | 14.303.740,54 | -32.354,063,82 | -3.26 |
| 2. | Сектор "Геотерма " | -784.681,16 | -2,386,261,69 | 3.04 |
| 3. | Сектор “Комунална Хигиена “ | 8.411.315,20 | 5,099,981,82 | 0.61 |
| 4. | Сектор " Градско зеленило и гробишта " | -3.501.931,86 | -5,295,085,29 | 1.51 |
| 5. | РЕ"Заеднички служби"<br>- Сектор "Менаџмент"<br>-Сектор "Финансиско и комерцијално работење"<br>- Сектор "Општи и правни работи" | -2.518.143,00<br>-16.402.561,52<br>-10.088.272,35 | -3,039,046,89<br>-16,431,799,99<br>-12,666,316,35 | 1.11 |
| 6. | Сектор "ИТ и развој " | -1.633.496,52 | -2,272,324,21 | 1.39 |
| | Вкупно | -12.214.030,67 | -69,344,916,42 | 5.68 |

**Остварени финансиски резултати за период од 01.01 до 31.12.2022 год.со распоред на трошоците од Сектор "Финансиско и комерцијално работење", Сектор "Општи и правни работи"и Сектор "ИТ и развој "**

Табела 6

| Ред. број | Работна единица | 2022 год. |
|---|---|---|
| 1. | Сектор "Водовод и Канализација " | -51.279.281,91 |
| 2. | Сектор "Геотерма " | -9.612.254,05 |
| 3. | Сектор “Комунална Хигиена “ | -1.437.820,80 |
| 4. | Сектор " Градско зеленило и гробишта " | -7.015.559,66 |
| | Вкупно | -69.344.916,42 |

Остварените финансиски резултати од деловното работење за извештајниот период од 01.01 до 31.12.2022 год.со распоредување на трошоците по утврдени критериуми за учество на трошоците од Сектор "Финансиско и комерцијално работење", Сектор "Општи и правни работи"и Сектор "ИТ и развој ќе констатираме дека сите сектори: Сектор " Водовод и Канализација , Сектор "Геотерма " ,Сектор " Комунална Хигиена " и Сектор " Градско зеленило и гробишта " се со негативен финансиски резултат.

**Структура на вкупните приходи по сектори остварени во периодот од 01.01 до 31.12.2022 год.**

**Табела 7**

| Ред. број | Работна единица | Износ | Учество % |
|---|---|---|---|
| 1. | **Сектор "Водовод и Канализација "** | **165.922.499,86** | **64.97** |
| 2. | **Сектор "Геотерма "** | **21.081.055,50** | **8.25** |
| 3. | **Сектор "Комунална Хигиена "** | **49.525.207,14** | **19.39** |
| 4. | **Сектор " Градско зеленило и гробишта "** | **8.749.984,53** | **3.43** |
| 5 | **Сектор "Менаџмент"** | **218.628,00** | **0.09** |
| 6. | **Сектор "Финансиско и комерцијално работење"** | **6.783.480,91** | **2.66** |
| 7. | **Сектор "Општи и правни работи"** | **2.725.043,00** | **1.07** |
| 8. | **Сектор "ИТ и развој "** | **379.856,00** | **0.15** |
| | **Вкупно** | **255.385.754,94** | **100** |
| | **Планирани приходи за 2022 год. 311.071.315,93 : 4 квартала = 77.767.828,98 x 4 =** | **311.071.315,93** | **0.82** |

**Структура на вкупните расходи по РЕ остварени во периодот од 01.01 до 31.12.2022 год.**

**Табела 8**

| Ред. број | Работна единица | Износ | Учество % |
|---|---|---|---|
| 1. | **Сектор "Водовод и Канализација "** | **198.276.563,68** | **61.06** |
| 2. | **Сектор "Геотерма "** | **23.467.317,19** | **7.23** |
| 3. | **Сектор "Комунална Хигиена "** | **44.425.225,32** | **13.68** |
| 4. | **Сектор " Градско зеленило и гробишта "** | **14.045.069,82** | **4.32** |
| 5 | **Сектор "Менаџмент"** | **3.257.674,89** | **1.00** |
| 6. | **Сектор "Финансиско и комерцијално работење"** | **23.215.280,90** | **7.15** |
| 7. | **Сектор "Општи и правни работи"** | **15.391.359,35** | **4.74** |
| 8. | **Сектор "ИТ и развој "** | **2.652.180,21** | **0.82** |
| | **Вкупно** | **324.730.671,36** | **100** |
| | **Планирани расходи за 2022 год. 310.931.871.68 : 4 квартала = 77.732.967,92 x 4 =** | **310.931.871,68** | **1.04** |

**Тековни побарувања со состојба на ден 31.12.2022 год.**

**Табела 9**

| Ред. број | Основ | Износ 31.12.2021 год. | Износ 31.12.2022 год. | Коефициент 31.12.2022/ 31.12.2021 |
|---|---|---|---|---|
| **А.** | **Побарувања по основ на стоки и услуги од фирми,граѓани и дуќани** | **265.611.444,20** | **262.108.267,00** | **0.99** |
| 1 | Побарувања од граѓани | 203.629.965,20 | 204.242.507,00 | 1.00 |
| 2 | Побарувања од дуќани | 6.761.377,00 | 6.494.727,00 | 0.96 |
| 3 | Побарувања од фирми | 55.220.102,00 | 51.371.033,00 | 0.93 |

Анализирајки ги  тековните побарувања се констатира дека вкупните побарувања споредени со истиот  период од 2022 год. се намалени за 1 %,од кои кај дуќаните се намалени за 4 % , кај фирмите се намалени за 7 %, а кај домаќинствата нема промена.

### Обврски со состојба на ден 31.12.2022 год.

**Табела 10**

| Ред. број | Основ | Износ 31.12.2021 год. | Износ 31.12.2022 год. | Коефициент 31.12.2022/ 31.12.2021 |
|---|---|---|---|---|
| 1. | 220- Обврски спрема добавувачи | 40.009.847,00 | 52,778,526,00 | 1.32 |
| 2. | Обврски кои доспеват за 1 година | | 30.130.744,00 | |
| | 262002 - KFW банка | | 2.036.716,00 | |
| | 262003 - Фонд за води | | 2.211.756,00 | |
| | 262004 - ЕДС | | 24.000.000,00 | |
| | 262005 - ЕЛЕМ | | 1.882.272,00 | |
| 3. | Долгорочни обврски | | 51.984.857,00 | |
| | 282001 - Долгорочни обврски спрема добавувачи во земјата | | 16.816.995,00 | |
| | 284001 - Обврски за надомест за фонд за води | | 2.580.394,00 | |
| | 286001 - Долгорочни обврски врс основа на заеми,кредити-KFW банка | | 32.587.468,00 | |
| ВКУПНИ ОБВРСКИ | | | 134.894.127,00 | |

Комуналното Јавно Претпријатие за период до 31.12.2022 год.ги има измирено сите обврски по основ на бруто плати и јавни давачки. Обврските  спрема добавувачи споредени со истиот период од 2021 год. се зголемени за 32 % .

### Тековни залихи со состојба на ден 31.12.2022 год.

**Табела 11**

| Ред. број | Основ | Износ 31.12.2021 год. | Износ 31.12.2022 год. | Коефициент 31.12.2022/ 31.12.2021 |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Залихи на репроматеријали - 310 | 10.042.778,59 | 9.962.685,44 | 0.99 |
| 2 | Залихи на ситен инвентар - 350 | 1.851.723,09 | 1.924.106,84 | 1.04 |
| 3 | Залихи на трговски стоки - 660 | 408.394,79 | 487.168,00 | 1.19 |
| 4 | Залихи на стоки во продавница – 663 | 208.216,00 | 208.216,00 | 1.00 |
| | **Вкупно** | **12.511.112,47** | **12.582.176,28** | **1.01** |

Залихите на репроматеријали и инвентар  во извештајниот период  споредени со истиот од 2021 год. бележат зголемување  за  1% .

КЈП " Водовод "  од деловното работење за период од 01.01 до 31.12.2022 год.оствари финансиски резултат односно загуба од  **-69.344.916,42** денари.

**Изработил** **Директор**

______________________ ____________________